# ОДГОВОР

## на известување по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор

На ден 09.03.2015 година добиен е Одговор по Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност "Услови за функционирање на граничните премини во Република Македонија" од страна на одговорното лице на Царинската управа, бр.02-010942/15-0002, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-251/3.

Одговорното лице со доставениот одговор го известува Државниот завод за ревизија дека "Нацрт извештајот за извршената ревизија е реално и објективно изготвен и ја прикажува вистинската состојба во врска со условите за функционирање на граничните премини во Република Македонија", наведувајќи дека дадените препораки ги прифаќа и ги презема сите потребни активности за нивна целосна реализација.

Одговорот е разгледан од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е дека истиот претставува известување за преземени мерки и активности во однос на дадените препораки, согласно ревизорските наоди и тоа:

1. За **препораката број 1,** која се однесува на преземање мерки и активности за отпочнување на постапка за измена и дополнување на Законот за царинската управа во насока на обезбедување на законски основ за донесување на подзаконски акт со кој поблиску ќе се уредат минималните стандарди за материјално техничките средства, опрема и просторно сместување, според категоризацијата на граничните премини, Царинската управа известува дека донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа (Службен весник на РМ број 33 од 05.03.2015 година), во кој е уреден правниот основ за донесување на наведениот подзаконски акт. Наведената состојба, Овластениот државен ревизор ќе ја обелодени во Конечниот извештај, а препораката соодветно ќе ја измени.

   За **препораката број 1, став 2** која се однесува на соработката на Царинската управа со сите институции кои извршуваат активности на граничните премини за патен сообраќај во насока на преиспитување на можноста од донесување на единствен акт со кој би се утврдиле минималните стандарди за материјално техничките средства, опрема и просторно сместување, Царинската управа известува за причините за констатираната состојба, кои со донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа се надминати, поради што овој дел од препораката изостанува.

2. За **препораката број 2**, која се однесува на продолжување на отпочнатите мерки и активности од страна на Царинската управа за навремено спроведување на барањата утврдени во стратешките документи, Царинската управа известува за причините за констатираната состојба, кои овластениот државен ревизор ги имаше во предвид во текот на вршењето на ревизијата.

3. За **препораката број 3,** која се однесува на потребата од преземање на активностите за континуирано обезбедување на средства за градење, поставување, пренамена и реконструкција на објекти на граничните премини, како и тековно одржување на истите, Царинската управа **известува** за мерките и активностите кои континуирано ги презема за подобрување на условите за функционирање на граничните премини за патен сообраќај, за кои овластениот државен ревизор известува во точка 5. од Конечниот извештај.

4. За **препораката број 4**, која се однесува на соработката меѓу Царинската управа и Министерството за внатрешни работи во насока на преземање на активности за натамошно подобрување на целокупната состојба на граничните премини во однос на нивната материјално - техничка опременост, Царинската управа **известува** за преземени активности за подобрување на условите на граничните премини за објектите кои ги користи и Министерството за внатрешни работи, за што како прилог доставува фотографии од кои се гледаат одредени инвестиции извршени на самите гранични премини.

5. За **препораката број 5**, која се однесува за продолжување на отпочнатите активности/постапки за запишување на правата на недвижностите на граничните премини за патен сообраќај, Царинската управа **известува** за причините за констатираните состојби кои овластениот државен ревизор ги имаше во предвид во текот на вршење на ревизијата и соодветно се обелоденети во Конечниот извештајот.

6. За **препораката број 6, алинеја 1,** која се однесува на потребата да се склучи меморандум/договор за соработка со Државниот инспекторат за транспорт, Царинската управа достави дополнителна документација Меморандум за соработка меѓу Царинската управа и Државен инспекторат за транспорт, склучен на ден 10.01.2014 година. Наведената состојба, Овластениот државен ревизор ја обелодени во Конечниот извештај, а делот од препораката ќе биде изоставен.

   За **препораката број 6, алинеја 2,** која се однесува на потребата од преземање на мерки за дислокација/преземање на одземените стоки од страна на Агенцијата за управување со одземен имот, Царинската управа известува за причините за констатираната состојба, кои овластениот државен ревизор ги имаше во предвид во текот на вршењето на ревизијата.

---

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1. ________________ ________________________

2.________________

3.________________